# Венеција и Милано за 8ми Март 2025

Овој 8ми Март, ЕТА ве води во Падова, Милано и Венеција. Ве покануваме да ни се придружите заедно да го прославиме денот на жената на ова патување кое ќе ве нема да ве остави рамнодушни,а ќе ве направи побогати со нови искуства, доживувања и незаборавни авантури.

**Прв ден (06.03.2025) Четврток**

Местото на собир на групата на паркингот кај хотел Русија во 16.30 часот. Поаѓање за Италија во 17.00 часот. Патувањето се одвива преку Србија, Хрватска и Словенија со попатни паузи за одмор и обавување на царински формалности. Ноќно возење.

**Втор ден (07.03.2025) Петок**

По ноќното возење, пристигнување во Италија во утринските часови. Првиот град кој ќе го посетиме во програмата е неодоливата Падова. Град каде се спојуваат две култури, пресекот помеѓу венецијанската и миланската култура. Град кој ќе сакате повторно да се вратите, а секако ќе имаме околу 3 часа токму во најубавиот централен дел на Падова. Ќе имате прилика да прошетате на плоштадот Pratto della Valle, ќе ја видите саат кулата на Piazza dei Signori, познатата катедрала на Падова, Регионалната палата, ботаничката градина. Бидејќи самиот град е спој на минатото и сегашноста, во непосредна близина на центарот има и шопинг центар кој може да го посетите. Во договореното време, се упатуваме во хотел, кој е лоциран на 15 километри од Падова. Ноќевање.

**Трет ден (08.03.2025) Сабота**

По појадокот во хотел групата се упатува на целодневна факултативна екскурзија во Милано... Замокот Sforzesco, Arco de la Pace, паркот Sempione, населбата Brera, познатата опера Scala di Milano, галеријата Vittorio Emanuele II, и се разбира познатата миланска катедрала, Il Duomo di Milano. По разгледот на градот со локалниот водич, слободно време за индивидуална прошетка низ градот на модата, можност да пробате некој од локалните специјалитети, како што се миланското рижото, познатото џелато, панцерота, тестенини или пица во големиот број ресторани сместени во преубавиот центар на градот. Во попладневните часови поаѓање назад кон хотел. Ноќевање.

**Четврти ден (09.03.2025) Недела**

По појадок во хотелот, одјавување и поаѓање кон безвременскиот град на вода, Венеција. Започнуваме со разглед со локалните водичи кои ќе ни ги доловат приказните и историјата на градот, Плоштадот Сан Марко, Луждевата палата, каналот Гранде, мостот Риалто.... Слободно време за индивидуална прошетка. Во договорено време, од Венеција, се упатуваме кон Македонија. Ноќно возење преку Словенија, Хрватска, Србија со попатни паузи за одмор и обавување царински формалности.

**ПЕТТИ ДЕН (10.03.2025) Понеделник**

Пристигнување во Македонија во попладневните часови .

**Сместување**
Сместувањето е во хотел со 3 ѕвезди на база ноќевање со појадок во околината на Падова

**ПРОМО ЦЕНА: 139 евра по лице**
**Регуларна цена: 179 евра по лице**

**Што е вклучено во цената:**
2 ноќевања во хотел со 3* со појадок
Посета на Падова
Автобуски превоз од Скопје
Лиценциран придружник

**Што не е вклучено во цената**
Патничко осигурување
Задолжителна екскурзија за Венеција – 30е
(Такса за влез во Венеција, локален водич, брод, превоз)
Факултативна екскурзија за Милано – 55е
(автобуски превоз, локален водич)
Туристичка такса (околу 5 евра се плаќа на рецепција во хотелот)
Индивидуални трошоци (влезници за музеите)

**Важно**
За реализација на овој аранжман се потребни минимум 50 патници.
Задолжителна проверка на пасошот. Треба да има минимум важност 6 месеци
Хотелот одредува на лице место во зависност од моменталната состојба каков тип на соба ќе добиете.
Резервации за одреден кат или страна не е можна.
Селекција на седиште во автобус! Според правилата на агенцијата, патниците се сместуваат според временската линија на уплати.
Доколку имате барање за седиште, истото се доплаќа 15 евра за во два правци.
Првите 4 седишта во автобусот неможе да се резервираат со доплата, истите се користат од персоналот на патувањето (возачи и водич)
Доплата за еднокреветна соба 40 евра
Доплата за дете до 11.99 години – 129 евра

**Агенцијата има право да направи промена на програмата според условите во текот на реализацијата. Важат условите за патување на Ескејп Травел и СКТМ**